Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Генерална дирекција
Сектор за човечки ресурси
Број: 01-597/9
Датум 26-11-2024

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20), директорот на Управата за јавни приходи донесе

**ПРАВИЛНИК за изменување на Правилникот**
**ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи број 01-597/2 од 09.02.2024, бр. 01-597/3 од 24.09.2024 година и бр. 01-597/5 од 27.09.2024 година.

**Член 2**

Во делот IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, во делот ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА, во точката 4. ДИРЕКТОРАТ ЗА ДИРЕКТОРАТ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, во точката 4.1. ЕДИНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕФОРМИ, во описот на работното место со реден број 22 - Координатор за комуникација и управување со промени,со шифра.ДАН0101Б04005 во делот „Вид на образование", наместо зборовите „ Општествени науки – Економија и бизнис, Политички науки или Други општествени науки- Организациски науки и управување (менаџмент) " треба да стојат зборовите „ Општествени науки".

**Член 3**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 6. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗИ И МЕРЕЊЕ НА УЧИНОЦИ, работното место со реден број 296 – со назив Аналитичар за мерење на учиноции шифра ДАН0101В03009 се брише.

**Член 4**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ, во описот на работното место со реден број 307 - Самостоен даночен советник за правни работи,со шифра ДАН0101В01006 во делот „Број на извршители" наместо бројот „4" треба да стои бројот „5", а во делот „Тетово" наместо бројот „1" треба да стои бројот „2".

**Член 5**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАПЛАТА И УПРАВУВАЊЕ СО ДОЛГОВИ, во потточка 4.3 Служба за специфични постапки за решавање на заостанати долгови во описот на работното место со реден број 370 – Самостоен даночен извршител за специфични постапки за решавање на заостанати долгови, со шифра ДАН0101В01010 во делот „Број на извршители" наместо бројот „5" треба да стои бројот „4", а во делот „Тетово " наместо бројот „1" треба да стои бројот „0".

**Член 6**

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 5. РЕГИОНАЛЕН ДАНОЧЕН ИНСПЕКТОРАТ, во потточка 5.1 Даночен инспекторат во описот на работното место со реден број 377 – Виш инспектор, со шифра ДАН0101В02003 во делот „Прилеп" наместо бројот „9" треба да стои бројот „8", а во делот „Битола " наместо бројот „8" треба да стои бројот „9".

**Член 7**

Во делот РЕГИОНАЛНИ ДИРЕКЦИИ – СКОПЈЕ, БИТОЛА, ПРИЛЕП, ТЕТОВО, ШТИП И СТРУМИЦА, во точката 6. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АНАЛИЗИ И МЕРЕЊЕ НА УЧИНОЦИ, во описот на работното место со реден број 389 – Аналитичар за мерење на учиноци, со шифра . ДАН0101В03009 во делот „Број на извршители" наместо бројот „2" треба да стои бројот „3", а во делот „Тетово" наместо бројот „1" треба да стои бројот „2".

**Член 8**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точката 1. Служба за услуги на даночни обврзници во описот на работното место со реден број 409 –асистент за услуги на даночни обврзници, со шифра ДАН0101В03007 во делот „Број на извршители" наместо бројот „9" треба да стои бројот „8", а во делот „Велес " наместо бројот „1" треба да стои бројот „0".

**Член 9**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точката 2. Служба за регистрација, утврдување и даночно сметководство, во описот на работното место со реден број 426 - Асистент за утврдување на даноци,со шифра ДАН0101В03007 во делот „Крушево" наместо бројот „1 " треба да стои бројот „0", а во делот „Струга" наместо бројот „0" треба да стои бројот „1".

**Член 10**

Во делот ДАНОЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА, во точката 2. Служба за регистрација, утврдување и даночно сметководство, во описот на работното место со реден број 435 – Помлад асистент за даночни сметководство, со шифра ДАН0101В04007 во делот „Број на извршители" наместо бројот „12" треба да стои бројот „13", а во делот „Гостивар" наместо бројот „3" треба да стои бројот „4".

**Член 11**

Согласно измените во интегралниот текст на Правилникот, се вршат и соодветни измени и во Табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи број 01-597/2 од 09.02.2024, бр. 01-597/3 од 24.09.2024 година и бр. 01-597/5 од 27.09.2024 година.

**Член 12**

Оваа измена влегува во сила и ќе се објави на огласна на огласна табла/Интранет на УЈП по добиена согласност од Министерството за јавна администрација, а ќе се применува со денот на примена на Правилникот кој се изменува.

Изработил: Марила Карановска Николовска
Проверил: Весна Новаковиќ
Одобрил: Весна Новаковиќ

Директор
м-р Елена Петрова

Прилог: Табеларен преглед